РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
С К О П Ј Е

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Март 2020 година

Врз основа на член 31 став 2, точка 37 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), а во врска со примената на член 31 став 2 точките 28а, 30 и 35, став 4, став 7, член 37 став 2 точка 17, член 69-а, член 147, 147-а, член 148, член 149, член 149-а, член 151 од Изборниот законик на Република Северна Македонија и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **06.03.2020** година донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ
## кои се во надлежност на Државната изборна комисија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Согласно ова Упатство се пропишува начинот и постапката за решавање на приговори поднесени од избирачите и овластените подносители на листи на кандидати согласно член 69-а, 148, 149 ст.2 и 149-а од Изборниот законик, а во врска со член 147, 147-а и член 151 од Изборниот Законик.

(2) Видови на приговори и кој може да поднесе согласно Изборник законик:

- Приговор може да поднесе подносител на листа односно кандидат (член 69-а од ИЗ)
- Приговор може да поднесе секој подносител на листа на кандидати за повреда во постапка за гласање, сумирање и утврдување на резултати од гласањето (член 148 од ИЗ),
- Приговор може да поднесе секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право во постапка за спроведување на гласањето во странство (член 149 ст.(2) од ИЗ) и
- Приговор може да поднесе секој избирач на кого му е повредено избирачкото право во секоја фаза од изборниот процес (член 149-а од ИЗ).

### Член 2

Целта на Упатството е да се:

- обезбеди независно, непристрасно и правично разгледување и одлучување по приговорите;
- уредат минималните услови за формата и содржината на приговорот и да се појасни начинот на поднесување на приговор до Државната изборна комисија;
- уреди постапката за регистрирање на приговорите, начинот на предлагање и проверка на доказите, увидот во избирачкиот материјал, известувањето на подносителот на приговорот и на јавноста, процедурите за анализа и одлучување по приговорите, поништување и повторување на гласањето;
- уреди постапката за оперативно следење на приговорите и пристапот до базата на податоци;
- уреди начинот на чување и архивирање на приговорите, документите, изборниот материјал, доказите и на донесените одлуки во врска со приговорите;

– предвидат активностите за поднесување на инцијатива за дисциплинска, прекршочна и кривична постапка;
– да се уредат други прашања од значење за правната заштита на изборниот процес.

**Член 3**

Одделни изрази употребени во ова Упатство го имаат следново значење:

1. „ДИК" ја означува Државната изборна комисија како целина.
2. „ОИК" означува општинска изборна комисија.
3. „ИО" ги означува избирачките одбори.
4. „Правна служба" ја означува правната служба на ДИК која ги прима, обработува, анализира и проценува приговорите со прилозите, подготвува предлог решенија за потпис, раководи со електронскиот систем за следење на приговори и врши други работи поврзани со примената на одредбите на Изборниот законик доделени од страна на ДИК.
5. „Избирачко место" е објектот каде се наоѓаат едно или повеќе гласачки места.
6. „Гласачко место" ја определува просторијата во објектот во која се врши гласањето.
7. „Подносител на приговор" е физичко лице (избирач) или лице (овластен претставник на подносител на листа) кое е овластено да поднесе приговор според членовите 69-а, 148, 149 и 149-а од ИЗ,
8. Под „доказ" се подразбира: изборниот материјал (записници на изборни органи, записник и/или информација од увид на лице место на ДИК или ОИК, записник за повикување на полиција, забелешка дадена на записник од страна на член на избирачки одбор, забелешка доставена до ОИК во рок од 5 часа, овластените претставници на подносителот на листа, забелешка дадена од акредитираните набљудувачи во дневникот на избирачкото место и нивни изјави по потреба).
9. „Архивиран предмет" е решен предмет кој ги исполнува условите за архивирање.
10. „Електронско досие" е електронски предмет со сите податоци, документи, докази, акти кои се чуваат во електронска форма.

## II. ФОРМА, СОДРЖИНА И ВИДОВИ НА ПРИГОВОРИ

**Член 4**

Приговор до Државната изборна комисија може да поднесе:

1. Подносител на листа или овластен претставник на подносител на листа за времетраењето на изборната кампања (член 69-а од ИЗ).
2. Подносител на листа или овластен претставник на подносител на листа доколку смета дека е настаната повреда во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето (член 148 од ИЗ).
3. Секој избирач кој смета дека му е повредено личното избирачко право:
   а. во постапката на спроведување на гласањето во странство, (член 149 ст.2 од ИЗ) и/или
   б. во секоја фаза од изборниот процес (149-а од ИЗ).

**Член 5**

(1) Приговорите се поднесуваат во писмена форма и содржат:
   1. податоци за подносителот на приговорот (име, презиме и потпис);
   2. податоци за :
      - место (општина, населено место, избирачко место, гласачкото место каде што се случила наводната повреда),
      - време кога е сторена повредата,
      - опис на настанот,
      - кој е наводниот сторител/и или негов опис,

- доказите кои ги поддржуваат наводите на подносителот на приговорот,
- наведување на повредата,

3. дали е евидентирана конкретна забелешка во записниците за предавање на изборниот материјал, за гласачкото место, за гласање, сумирање и утврдување на резултати или е предадена до ОИК, а доколку не е навремено поднесена забелешка, кои се причините за тоа;
4. електронско сандаче за прием на писмена и телефонски број.

(2) Приговорот може да се поднесе и на посебни обрасци подготвени од ДИК и објавени на интернет страната на ДИК: **http://www.sec.mk.**

**Член 6**

(1) Со приговорот, подносителот треба да ги достави доказите кои ги поседува во прилог (карбонизиран примерок или копија од Образец бр.16 или бр.21, забелешка до ОИК дадена во рок од 5 часа и други), како и да ги посочи доказите во поткрепа на своите наводи на кои се повикува.
(2) Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува ДИК по свое уверување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно.

## III. РОКОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ

**Член 7**

Приговорите за непочитување на одредбите на изборната кампања од член 69-а од ИЗ, се поднесуваат од денот на потврдување на листите на кандидати до денот на изборите.

**Член 8**

Во рок од 24 часа (член 149 ст.2 и 149-а од ИЗ), секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето во странство или во секоја фаза од изборниот процес може да поднесе приговор. Рокот почнува да тече од моментот на сторување на повредата.

**Член 9**

(1) Во рок од 48 часа (член 148 од ИЗ), овластениот претставник на подносител на листа може да поднесе приговор за постапката за гласање во текот и по завршување на гласањето, рокот почнува да тече по завршување на гласањето.

(2) Во рок од 48 часа (член 148 од ИЗ), овластениот претставник на подносител на листа може да поднесе приговор за постапката за сумирање и утврдување на резултатите од гласањето, рокот почнува да тече по објавување на првичните резултати.

**Член 10**

(1) Приговорите се поднесуваат до ДИК преку овластен претставник или лично, во архивата на ДИК (ако подносител на приговорот е овластениот претставник на подносител на листа по чл.148).
(2) Покрај можноста предвидена во став 1 од овој член, избирачите во Република Северна Македонија можат да поднесат приговори лично или непосредно преку ОИК до ДИК, или по електронски пат (ако подносител на приговорот е избирач на кого му е повредено избирачкото право по чл.149-а).
(3) Приговорите за повреда на личното избирачко право во постапката за гласање и во секоја фаза од изборниот процес во странство се доставуваат до ДИК преку брза пошта или електронска пошта (посебната електронска пошта), при што времето на поднесување на приговорот се смета

од времето на предавање на пратката (ако подносител на приговорот е избирач на кого му е повредено избирачкото право по чл.149 ст.2).
(4) Доставата на приговори и тужби по редовна пошта од став 1 и 3 од овој член не е дозволена.
(5) Архивата на ДИК не може да одбие прием на приговор и прилозите кон истиот.
(6) Поднесоците (приговори или тужби) за заштита на избирачкото право се доставуваат до надлежните органи преку органите кои претходно одлучувале.

**Член 11**

Кога избирачот ќе поднесе приговор по електронска пошта, во прилог испраќа скенирана копија од потпишаниот приговор.

## IV. ПРИЕМ И УПИС НА ПРИГОВОРОТ

**Член 12**

(1) Приговорот кој е поднесен лично, од овластен претставник на подносителот на листа или преку брза пошта се евидентира со сите прилози во Уписник за предмети од првостепена управна постапка (Уп1) во архивата на ДИК.
(2) Приговорот кој е добиен преку електронска пошта се печати и се евидентира во Уписникот од став 1 од овој член, заедно со сите прилози, во архивата на ДИК и се постапува на ист начин како со другите приговори.
(3) Надлежен службеник од архивата точно го запишува датумот, часот и минутите на приемот на приговорот како и бројот на прилозите кон приговорот.
(4) Овластениот претставник на подносителот на листата може да поднесе дополнителни поднесоци кон приговорот во законски предвидениот рок од 48 часа за поднесување на истиот.
(5) Се оформува предмет за приговорот на кој му се доделува архивски број. Сите подоцнежни поднесоци, документи и одлуки во врска со предметот се заведуваат под истиот архивски број. Предметот се води под истиот архивски број се до неговото завршување.
(6) Подносителот на приговорот ги добива забележани архивскиот број на приговорот, датумот, часот и времето на поднесување на приговорот, потврдено со приемен штембил на ДИК, односно приемен печат на ОИК.
(7) Преписката и комуникацијата со подносителите на приговорите се врши исклучиво по електронска пошта или лично.

**Член 13**

(1) Рокот за одлучување по приговорот почнува да тече од датумот и времето на неговиот прием.
(2) Постапката по приговорите е ИТНА.

**Член 14**

(1) Архивата задржува оригинал од приговорот и од прилозите кон истиот.
(2) Во архивата се прават копии од приговорот и од неговите прилози и веднаш се врши нивна достава до сите членови на ДИК и до правната служба.

**Член 15**

(1) Приговорот и прилозите се внесуваат во електронскиот систем за следење на приговори според редоследот на приемот забележан во архивата на ДИК и согласно добиениот архивски број и се оформува електронско досие за предметот.
(2) Листата на прилози се внесува во електронскиот систем за следење на приговори и редовно се ажурира.
(3) Правната служба е единствено надлежна да го управува, да работи и да внесува податоци во

електронскиот систем за следење на приговори.

(4) Членовите на ДИК имаат пристап кон информацијата која е сочувана во електронскиот систем за следење на приговори во секое време.

**Член 16**

(1) Во електронскиот систем за следење на приговори се регистрираат и се чуваат следниве информации:

1. архивски број на предметот со прилозите;
2. точно време и датум кога е примен приговорот во архива;
3. вид на приговор и како е поднесен (лично, преку овластен претставник, преку брза пошта, преку електронска пошта);
4. дали е поднесен од избирач или од подносител на листа.
5. име, презиме и информации за контакт на подносителот (електронска пошта, телефонски број);
6. законска основа за поднесување на приговор;
7. секоја преписка, белешка, допис, комуникација со овластениот подносител на приговорот и со наводниот сторител на повредата;
8. резиме на суштината на приговорот и членовите од Изборниот законик кои се наводно прекршени.
9. место каде се случила наводната повреда (изборна единица, општина, избирачко место, гласачко место);
10. време кога се случила наводната повреда;
11. наводен сторител/и;
12. дали се поднесени докази и листа на посочени докази;
13. дали се внесени забелешки во записниците за наводната повреда, во кој точно записник се внесени, дали се поднесени до ОИК во рок од 5 часа (член 100 ст.5 од ИЗ) и ако не се, која е причината за тоа;
14. во која фаза се наоѓа постапувањето по приговорот;
15. дали е определено лично присуство на подносителот, член на избирачки одбор или набљудувач;
16. кој и како е повикан на јавната седница и дали го потврдил присуството;
17. записници од јавни седници на кои се разгледувале докази, се постапувало и се одлучувало по предметот;
18. решението;
19. тужба;
20. судски одлуки;
21. соработка со друг надлежен државен орган;
22. упатување на приговорот до друг надлежен орган, час и датум на упатувањето и причина за тоа.

(2) Секој вработен во правната служба има своја лозинка за работа во електронскиот систем за следење на приговорите и може да врши промени во електронскиот систем само за предметите кои му се доделени за работа.

(3) Правната служба работи согласно Упатството за управување и работа со електронскиот систем за следење на предмети.

**Член 17**

ИТ секторот во ДИК на интернет страницата редовно објавува информација до јавноста со табеларен приказ за текот на приговорите со следните податоци:

- број на приговор

- за кое гласачко место се однесува приговорот
- вид на приговор
- одлука по приговорот

**Член 18**

(1) Оригиналите на приговорите со прилозите, се чуваат во добро обезбеден метален ормар во просториите на архивата на ДИК, каде за времето од приемот до конечното решение се поставуваат безбедносни камери.
(2) Членовите на ДИК и државните службеници вработени во Правната служба имаат пристап кон предметите определени во став 1 од овој член, преку архива.
(3) Архивата е должна да обезбеди увид на секој член на ДИК во оригиналите од досието на нивно барање. За оваа цел, архивата води целосна и точна евиденција која се доставува до претседателот, потпретседателот и членовите на ДИК на нивно барање.

**Член 19**

(1) Правната служба е должна да ја регистрира секоја промена во предметот во електронскиот систем за следење на приговори и во досието што е кај неа.
(2) Секоја промена во предметот се евидентира во Уписникот од член 12 од ова Упатство, а ДИК и правната служба ги доставуваат оригиналите од документите и прилозите во архивата на ДИК.

## V. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИГОВОРИТЕ

**Член 20**

(1) ДИК носи одлука во рок од **72 часа** од денот на поднесување на приговорот за повреда на одредбите за изборната кампања (член 69-а).

(2) ДИК носи одлука во рок од 4 часа по приемот на приговорот од избирач за наводна повреда на неговото лично избирачко право на денот на гласањето во странство како и во секоја фаза од изборниот процес (член 149 ст.2 и 149-а од ИЗ)

(3) ДИК носи одлука во рок од **72 часа** по приемот на приговорот поднесен овластен претставник на подносителот на листа (член 148 од ИЗ).

## VI. РАСПРЕДЕЛБА И ПРОЦЕНКА НА ПРИГОВОРИТЕ

**Член 21**

(1) Правната служба води евиденција за сите примени приговори и за нивниот тек.
(2) Вработените во правната служба се должни навремено, точно и целосно електронски да ги евидентираат сите приговори со сите релевантни податоци.
(3) Приговорите се делат во групи согласно тоа дали се поднесени од избирачи, подносител на листа, дали се однесуваат на наводи за повреди во Република Северна Македонија или во странство, како и според местото каде се случила наводната повреда (гласачкото место, избирачко место, општина).
(4) Приговорите се распределуваат за работа на вработените во правната служба по редослед на пристигнување.

**Член 22**

(1) Правната служба врши преглед и проверка на примените приговори по редослед на пристигнување, врз основа на принципите на независност, непристрасност, објективност и стручност.

(2) Правната служба проверува дали приговорот е:

а. поднесен согласно членовите 69-а, 148, 149 ст.2 и 149-а од Изборниот законик (дали е поднесен од страна на овластениот претставник на подносител на листа);

б. навремено поднесен согласно роковите предвидени во членовите 69-а, 148, 149 и 149-а од Изборниот законик и членовите 7, 8 и 9 од ова Упатство;

в. уредно поднесен, односно да не е поднесен по редовна пошта спротивно на член 147 став 4 од Изборниот законик;

г. дозволен,

д. ги содржи податоците на подносителот;

ѓ. потпишан и

е. се однесува на наводна повреда на Изборниот законик на која подносителот има право да поднесе приговор.

(3) Правната служба може да  предложи на ДИК да ги отфрли приговорите кои:

- не се поднесени навремено,
- не се потпишани,
- не се дозволени,
- не се поднесени од страна на подносител на листа,
- не се однесуваат на повреда на Изборниот законик на која подносителот може да приговара и
- не се уредно поднесени согласно член 10 од ова Упатство,

**Член 23**

(1) Правната служба подготвува преглед (извештај) за потребите на ДИК за секој обработен приговор.

(2) Прегледите од став 1 од овој член содржат:

- Уп1 број со датум и време на поднесување;
- избирачко место/општина;
- подносител;
- уредност на приговорот (дали е поднесен навремено и дали е потпишан);
- образложение на приговорот;
- законски основ;
- забелешка во записник (дали е внесена забелешка во записникот или е поднесена до ОИК)
- предлог докази поднесени или посочени во приговорот.
- предлог за отфрлање на приговорот доколку има, согласно член 22 став 2 од ова Упатство.

(3) Прегледите од овој член веднаш се доставуваат до членовите на ДИК за разгледување и одлучување, преку Генералниот секретар на ДИК.

## VII. ОСНОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРИГОВОРИТЕ

### 1. Надлежност и приоритет

**Член 24**

Членовите на ДИК одлучуваат по приговори врз основа на изборниот материјал, други докази и сопствено убедување, принципи на независност, непристрасност, објективност и стручност.

**Член 25**

Редоследот на постапување и одлучување по приговорите, се врши согласно времето на пристигнување на приговорот, на јавна седница, врз основа на прегледите од член 24 од ова Упатство подготвени од правната служба, при тоа земајќи ги во предвид законските рокови за постапување по приговорите.

## 2. Седница за постапување и одлучување по приговорите

### Член 26

(1) ДИК постапува и одлучува по приговорите на јавна седница.
(2) Претседателот на ДИК го утврдува дневниот ред, ја закажува и ја води седницата на ДИК на која се постапува и се одлучува по приговорите во законскиот рок.
(3) Сите членови на ДИК треба да се навремено известени за дневниот ред на седницата и за датумот и времето на нејзиното одржување.
(4) ДИК е должна да ги покани овластените претставници на подносителите на приговорите или од нив овластени лица да присуствуваат на седницата на која ќе се разгледуваат приговорите.
(5) ДИК постапува и одлучува по приговорите, само доколку е присутно мнозинство од вкупниот број на членови.

## 3. Испитување на докази

### Член 27

(1) Кога од конкретните наводи во забелешките во записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултатите постои причина за сомнение дека настанала повредата наведена во приговорот, членовите на ДИК ги проверуваат доказите согласно член 31 став 2 точка 35.
(2) Увид во целокупниот изборен материјал се врши доколку наводите од приговорите произлегуваат од содржината на записниците или забелешките внесени во нив (чл.151 став 2 од ИЗ).
(3) Во однос на утврдување на фактите и околностите кои се од значење за одлучување по приговорот, членовите на ДИК ќе постапат согласно чл.31 став 2 точка 35 од Изборниот законик.

### Член 28

(1) При работата и одлучувањето на ДИК, право да присуствуваат имаат овластените претставници на подносителот на листа, по чии приговори се одлучува.
(2) Овластениот претставник на подносителот на листа има право да го образложи приговорот, кој во кратки црти се осврнува на наводите и доказите врз кои истиот се темели. Образложението не може да трае подолго од три минути. Доколку во своето образложение не се држи до точката од дневниот ред, Претседателот му го одзема зборот.
(3) Овластениот претставник на подносителот при разгледување на приговорите од страна на ДИК, може да предупреди за неправилности во работата, а доколку не биде прифатено предупредувањето може да побара тоа да биде внесено во записник.
(4) Членовите на ДИК заради појаснување на наводите во приговорот, може да постават дополнителни прашања до овластениот претставник.

### Член 29

(1) Комисијата одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал и по потреба со изведување и на други докази согласно чл.148 ст.3 од ИЗ.
(2) Доколку во постапката за одлучување по приговор се утврди или дознае за друга повреда на избирачко право на избирач или повреда на избирачко право на подносител на листа, Државната изборна комисија може да поведе постапка за заштита на избирачко право по службена должност (чл.147 став 8 од ИЗ).

(3) Државната изборна комисија донесува одлука за поведување постапка за заштита на избирачко право по службена должност на предлог на член на Државната изборна комисија, во кој дава образложение на основот и наводите за водење на постапка (чл.147 став 9 од ИЗ).
(4) Државната изборна комисија е должна да ги утврди фактите и околностите што се од значење за одлучување по приговорот доколку тоа може да го направи по потреба и преку изведување докази како што се: исправи, сведочења на сведоци, изјави на странките, вештачење, увид во гласачкиот материјал и други докази (чл. 148 став 3 од ИЗ).
(5) Државната изборна комисија ќе постапува во случај на став 2,3 и 4 од овој член само во случаите кога наводите содржани во приговорот произлегуваат од фактите внесени во записникот, забелешките внесени во записникот или останатиот изборен материјал.
(6) Комисијата при разгледување и одлучување по приговори врши увид во записниците за текот на гласањето, сумирањето и утврдување на резултатите и во сите други приложени или посочени докази кон приговорот.
(7) Комисијата по службена должност, врши увид во целокупниот изборен материјал, доколку фактите на кои се упатува се внесени во записникот согласно членот 151 став 2 од ИЗ.

**Член 30**

(1) Увидот во целокупниот изборен материјал се врши на следниов начин:
1. Целокупниот изборен материјал од гласачкото место се доставува во време и во просторија определена од членовите на ДИК.
2. Целокупниот доверлив изборен материјал кој е запечатен, се отвара и се разгледува на јавна седница со помош на правната служба.
3. Се врши увид во доверливиот изборен материјал од страна на членовите на ДИК.
4. Се врши пребројување на гласачките ливчиња, при што се проверува дали гласачките ливчиња се важечки согласно член 110 и 115 од Изборниот законик.
5. Се споредува дали се совпаѓаат добиените бројки од пребројувањето на важечките, неважечките и неупотребени гласачки ливчиња со вкупниот број на гласачките ливчиња за тоа гласачкото место, вкупниот број на избирачи од изводот на избирачкиот список и бројот на избирачите кои гласале и кои не гласале, како и избирачите кои гласале по посебна постапка.
6. Се споредуваат бројките од пребројувањето на ДИК со она што е утврдено во записниците од избирачкот одбор и ОИК.
7. Се составува записник за горенаведените дејствија.

(2) Подносителот на приговорот се повикува да присуствува на седницата на ДИК на која се врши увид во целокупниот изборен материјал.

**Член 31**

Доколку се утврдат неправилности во постапката на разгледување на приговорите, ДИК го поништува гласањето на тоа гласачко место согласно условите предвидени во член 151 од Изборниот законик.

## 4. Постапка за одлучување по приговори кои не ги исполнуваат формалните и процедуралните барања

**Член 32**

(1) Приговорот се отфрла ако:
- не е поднесен од страна на подносител согласно членовите 69-а, 148, 149 ст.(2) и 149-а од Изборниот законик, од овластениот подносител на листа,
- не е навремено поднесен согласно роковите предвидени во членовите 69-а, 148, 149 ст.(2) и 149-

а од Изборниот законик,
- не е уредно поднесен, односно е поднесен по пошта спротивно на член 147 став 4 од Изборниот законик;
- не се однесува на наводна повреда на Изборниот законик на која подносителот има право да приговара;
- не е дозволен;
- е поднесен од неовластен подносител;
- не е потпишан од подносителот на приговорот;

(2) Решението со кое приговорот се отфрла се носи во рок од 24 часа (чл.147-а став 4 од ИЗ).

### Одлучување по приговорите

### Член 33

(1) ДИК одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал и други докази.
(2) Секој член на ДИК има право да земе збор и да дискутира за основаноста или неоснованоста на приговорот.
(3) По затворање на расправата по приговорот се пристапува кон гласање. Членовите на ДИК одлучуваат на начин што ќе се изјаснат со „ЗА" или „ПРОТИВ" усвојување на приговорот. Не е дозволено изјаснување со „ВОЗДРЖАН" и во случај на такво изјаснување, таквиот глас ќе се смета за изјаснување „ПРОТИВ".
(4) Приговорот се смета за усвоен доколку гласале мнозинството од вкупниот број на членови на ДИК.
(5) ДИК дава образложение на решението по приговорот.
(6) Решението со кое се одлучува мора да биде образложено по однос на сите наводи од приговорот (чл.147-а став 2 од ИЗ).
(7) Членот на Државната изборна комисија што гласал против одлуката од чл.31 ст.(2) точка 34-и) од ИЗ или што смета дека таа треба да се заснова на други правни и фактички основи, може да го издвои своето мислење и писмено да го образложи. Издвоеното мислење е прилог на одлуката на Државната изборна комисија.

### Член 34

(1) Доколку во постапката за разгледување на приговорот и утврдување на фактичката состојба, ДИК утврди или дознае за друга повреда на Изборниот законик согласно член 151 став (1), поведува постапка по службена должност.
(2) Постапката по службена должност се поведува по предлог на член на ДИК.
(3) ДИК одлучува по службена должност во рокот предвиден во член 20 став (3) од ова Упатство.

## 5. Подготовка и потпис на решенијата по приговорите

### Член 35

(1) Државната изборна комисија по поднесени приговори одлучува со решение со кое приговорот може да:
- го отфрли;
- го одбие или
- усвои.

(2) Врз основа на материјалите во предметот за приговорот, дискусиите, изведените докази, образложението од член 33 став (5) и (6) од ова Упатство и одлуката донесена од членовите на ДИК, правната служба подготвува предлог решение за приговорот.

**Член 36**

(1) Решението од член 35 од ова Упатство содржи:
- вовед,
- диспозитив (изрека),
- образложение,
- правна поука,
- број, датум и време кога е усвоено,
- потпис на претседателот на ДИК и
- печат на ДИК.

(2) Ако решението се обработува механографски, односно во електронска форма наместо потпис и печат содржи факсимил, односно електронски потпис согласно со закон.

**Член 37**

(1) Доставувањето на одлуките на Државната изборна комисија донесени по приговорите за заштита на избирачки права се врши со јавна објава преку интернет страната на ДИК .

(2) Објавата ги содржи: времето на објавата, називот на јавниот орган, името/називот на странката, адреса на живеалиштето/седиште на подносителот на листа, бројот на предметот, краток приказ на основата на предметот и поука за правен лек.

(3) Одлуката се смета за доставена во рок од 5 часа по објавувањето на интернет страницата на ДИК, содржи поука за странката и сите други лица кои имаат правен интерес, дека таквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици сами ги сносат.

(4) Одлуката по изготвувањето, потпишувањето и печатирањето веднаш се става на интернет страницата на ДИК со назначување на времето кога истото е донесено и објавено на интернет страната.

(5) Одлуката на Државната изборна комисија со која е поништено гласање на гласачко место се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија и веднаш се доставува до секој подносител на листа на изборите.

**Член 38**

(1) Правната служба води евиденција за секое решение дали и кога е доставено до подносителот на приговорот, дали е поднесена тужба и податоци за судските пресуди.

(2) За водење на евиденција од ставот 1 од овој член се употребува електронскиот систем за следење на приговори.

## 6. Утврдување на повреда на личното избирачко право

**Член 39**

Ако ДИК утврдил повреда на личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето во странство поради одредено дејствие на избирачкиот одбор, а процесот на гласање е во тек, правната служба по одлуката на ДИК за усвојување на приговорите, ќе преземе дејствија со цел на избирачот да му се овозможи остварување на избирачкото право, а доколку не утврди повреда, ќе донесе соодветна одлука.

## 7. Достава на тужби

**Член 40**

(1) Секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право, против решението на ДИК може да поднесе тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 24 часа од приемот на решението (член 149 ст.2 и 149-а од ИЗ)

(2) Против решението на ДИК подносителот на листа има право на тужба до Управен суд во рок од

24 часа од приемот на решението (член 148 од ИЗ).

**Член 41**

(1) Тужбите за заштита на избирачкото право (подносител или избирачи) се доставуваат до Управен суд преку ДИК.
(2) Тужбите од ставот 1 од овој член се примаат во архивата на ДИК согласно членот 11 и се заведуваат во Уписникот од членот 13 од ова Упатство под истиот архивски број како и приговорот.
(3) Архивата веднаш ја информира правната служба за приемот на тужбата и ги доставува до истата оригиналите од тужбата со прилозите.

**Член 42**

(1) ДИК тужбата и списите во предметот ги доставува до Управниот суд, водејќи сметка за кратките рокови предвидени за поднесување.
(2) Правната служба ги евидентира сите преземени дејствија во електронскиот систем за следење на приговори.
(3) Одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не може да се изјави жалба или друг вид на правна заштита, освен во случаи определени со Изборниот Законик.

### 8. Покренување на инцијатива за дисциплинска, прекршочна или кривична одговорност

**Член 43**

Кога е утврдена повреда на Изборниот законик сторена од страна на член на изборен орган кој е административен или јавен службеник, службеник вработен во општината, односно во град Скопје, во зависност од повредата, ДИК покренува иницијатива за дисциплинска, прекршочна или кривична одговорност согласно член 31 ст.4 од ИЗ.

**Член 44**

(1) Членовите и нивните заменици во Избирачките одбори или Општинските изборни комисии кои не го спровеле гласањето на начин утврден во Изборниот законик и заради што е поништено гласањето на одредено избирачко место ќе се казнат со највисоката глоба според Законот за прекршоците.
(2) Државната изборна комисија за неправилностите од став (1) на овој член :
- задолжително покренува прекршочна постапка пред надлежен суд и
- поднесува иницијатива до надлежен обвинител доколку има сознанија или сомнежи за сторено кривично дело.

**Член 45**

(1) Правната служба води посебна евиденција за лицата за кои е поведена иницијатива за утврдување за дисциплинска, прекршочна или кривична одговорност.
(2) Евиденцијата, чувањето и внатрешната постапка во однос на поднесените иницијативи за покренување на дисциплинска, прекршочна или кривична одговорност се одвива согласно одредбите на ова Упатство кои важат за приговорите.

## VIII. АРХИВИРАЊЕ

**Член 46**

(1) Сите предмети кои се формирани по приговори се сметаат за доверлив материјал и се чуваат во

архивата на ДИК.

(2) По примопредавањето во архивата на ДИК, предметите од став 1 од овој член со сите списи се чуваат на начин и во рокови предвидени со важечките прописи за архивирање на Република Северна Македонија.

**Член 47**

Пристапот кон архивираниот материјал е можен само со одобрение на ДИК и по наредба на надлежен суд.

## IX. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 48**

Ова Упатство влегува во сила од денот на неговото донесување и се објавува на интернет страната на ДИК.

**Број 10-781/1**
**09.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

РЕПУБЛИКА ... ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА * СКОПЈЕ *